РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08 - 5121/5

07 10 20 22 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 23 седница одржана на 19.10.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Политички и меѓународни студии“, втор циклус на академски студии - постдипломски студии студии (120 ЕКТС), на Факултет за социјални науки при Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Политички и меѓународни студии“, втор циклус на академски студии - постдипломски студии студии (120 ЕКТС), на Факултет за социјални науки при Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по политички и меѓународни студии/во меѓународен промет академски студии назив: Master of political and international studies.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 507 Политички науки
Научно – истражувачка област: Политички науки (основи,теорија, методологија, историја, друго) (50700), Политички системи (50701), Дипломатија (50705),Методологија и теорија во политичките науки (50709).

5. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 120 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ<br>ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ | REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT<br>AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË<br>BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË |
| --- | --- |

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 02 - 415/1 од 06.04.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Политички и меѓународни студии" , втор циклус на академски студии - постдипломски студии студии (120 ЕКТС), на Факултет за социјални науки, Универзитет „Мајка Тереза" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08 - 670/1 од 17.05.2021 година (наш бр. 08 - 512/1 од 20.05.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 19-та седницата одржана на 01.06.2021 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 512/6 од 16.12.2021 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 23 та седница одржана на 19.10.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова